По дискусијата се пристапи кон избор на членови и заменици-членови – претставници од здруженијата и фондациите, во Комисијата за евалуација и Комисијата за мониторинг. За секоја од двете комисии од присутните беа предложени по тројца кандидати, а потоа секој од присутните тајно (на лист на којшто беа наведени тројцата кандидати за соодветната комисија) гласаше за еден кандидат во двете комисии. Кандидатот кој доби најмногу гласови, соодветно за двете комисии, беше избран за член, а кандидатот кој следуваше, втор според вкупниот број на добиени гласови, беше избран за заменик-член. За член и заменик-член за Комисија за евалуација и оценување на доставените апликации согласно утврдената методологија се избрани: член – Ленче Христова (Организација на жени – Струмица) и заменик-член – Томе Тимов (Здружение на производители на градинарски и цвеќарски видови „Хортиеко", с. Добрејци). За член и заменик-член за Комисија за мониторинг (следење) на реализацијата на проектните активности на грантираните проекти се избрани: член – Ѓорги Тасев (Здружение „Новус" – Струмица) и заменик-член – Ленче Јанакиева Цицимова (Еколошко друштво „Планетум" – Струмица).

Проектните координатори од Центарот на заедницата на општина Струмица беа исто така дел од Комисијата за мониторинг (следење) на реализацијата на проектните активности на грантираните проекти: член – Мими Николиќ (Центар на заедницата на општина Струмица) и заменик-член – Танкица Таукова (Центар на заедницата на општина Струмица).












Инфо-ден за претставници од здруженија и фондации

# 3.

# Резултати од општинскиот јавен повик за 2015 г.

## 3.1. Програма G1

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/02), член 39 од Статутот на Општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“, бр. 5/06) и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик за проекти од областа на ЛЕР, култура, образование, заштита и унапредување на животната средина, млади и младинските политики од здруженија и фондации од Општина Струмица бр. 23-72/10 од 20.4.2015 година, по објавен јавен повик бр. 23-72/1 од 1.4.2015 година, градоначалникот донесе одлука за распределба на финансиски средства од Програма G1 од буџетот на Општина Струмица за 2015 година, член 1: Финансиските средства од Програма од Буџетот на Општина Струмица за 2015 година, по објавениот јавен повик за прибирање проекти од областа на ЛЕР, социјална заштита, култура, образование, заштита и унапредување на животната средина, млади и младински политики од здруженија и фондации од Општина Струмица бр. 23-72/1 од 1.4.2015 година и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-72/10 од 20.4.2015 година се распределуваат на следниве здруженија/фондации:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Здружение за култура и развој „Култ-транзен“ – Струмица | 105.090,00 денари |
| 2. | Сојуз на борците од НОВМ – Струмица | 35.000,00 денари |
| 3. | Здружение „Новус“ – Струмица | 179.000,00 денари |
| 4. | Здружение на тутунопроизводители „Костуране“ – с. Костурино, Струмица | 99.234,00 денари |
| 5. | Здружение еколошко друштво „Планетум“ – Струмица | 262.200,00 денари |
| 6. | Габарско здружение „Региус“ – Струмица | 111.650,00 денари |
| 7. | Сојуз-синдикат на земјоделски производители – Струмица | 65.000,00 денари |
| 8. | Здружение на земјоделски производители „Агрострумешница“, с. Дабиље, Струмица | 61.100,00 денари |
| 9. | Здружение на земјоделски производители „Агробаница“, с. Баница, Струмица | 58.565,00 денари |
| 10. | Здружение „ДМ Ленгуиџес“ – с. Куклиш, Струмица | 78.780,00 денари |
| 11. | Здружение на фармери „Фармер“ – Струмица | 42.570,00 денари |
| 12. | Здружение на граѓани Друштво за заштита на животни „Фауна“ – Струмица | 70.592,00 денари |
| 13. | Италијански регионален културен центар „Џакомо Леопарди“ – Струмица | 166.432,00 денари |
| 14. | Здружение Центар за развој и промоција „Промо идеја“ – Струмица | 56.710,00 денари |
| 15. | Здружение „Евровизија“ – Струмица | 83.633,00 денари |
| 16. | Здружение на граѓани „Балд Еагле – Халиаеетус Леуцоцепхалус“ – Струмица | 101.035,00 денари |
| 17. | ЗЗПД „Јо-Јо кидс“ – Струмица | 62.400,00 денари |
| 18. | Здружение на производители на градинарски и цвеќарски видови „Хортиеко“, с. Добрејци, Струмица | 191.050,00 денари |
| 19. | Здружение за економски развој „Економи Балкан“ – Струмица | 78.480 денари |
| **Вкупно** | | **1.908.544,00 денари** |

Според член 2, распределбата на финансиските средства е согласно добиените бодови според записникот бр. 23-72/10 од 10.4.2015 година од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-72/9 од 14.4.2015 година.

**Прилог 7**

# Одлука G1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23-72/12
22.05 2015 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 од „ Законот за локална самоуправа" ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ( „Службен гласник на општина Струмица" бр. 5/06) и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик за проекти од областа на ЛЕР, Култура, Образование, Заштита и унапредување на животната средина, Млади и Младинските политики од Здруженија и Фондации од Општина Струмица бр. 23-72/10 од 20.04.2015 по објавен Јавен повик бр. 23-72/1 од 01.04.2015, Градоначалникот донесе

**Одлука**
**За распределба на финансиски средства од Програма G1**
**од Буџетот на Општина Струмица за 2015**

Член 1

Финансиските средства од Програма од Буџетот на Општина Струмица за 2015, по објавениот Јавен повик за прибирање проекти од областа на ЛЕР, социјална заштита, култура, образование, заштита и унапредување на животната средина, млади и младински политики од здруженија и фондации од Општина Струмица бр. 23-72/1 од 01.04.2015 и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-72/10 од 20.04.2015 се распределуваат на следниве здруженија/фондации:

1. Здружение за култура и развој Култ-транзен Струмица..................................105.090,00 денари
2. Сојуз на борците од НОВМ Струмица.......................................................... 35.000,00 денари
3. Здружение Новус Струмица..................................................................... 179.000,00 денари
4. Здружение на тутунопроизводители Костуране село Костурино.................... 99.234,00 денари
5. Здружение еколошко друштво Планетум Струмица.........................................262.200,00 денари
6. Габарско здружение Региус Струмица.......................................................111.650,00 денари
7. Сојуз-синдикат на земјоделски производители Струмица................................65.000,00 денари
8. Здружение на земјоделски производители Агрострумешница с.Дабиље...........61.100,00 денари
9. Здружение на земјоделски производители Агробаница с.Баница......................58.565,00 денари
10. Здружение ДМ Ленгуицес с.Куклиш Струмица...............................................78.780,00 денари
11. Здружение на фармери Фармер Струмица.................................................... 42.570,00 денари
12. Здружение на граѓани Друштво за заштита на животни Фауна Струмица........70.592,00 денари
13. Италијански регионален културен центар Џакомо Леопарди Струмица...........166.432,00 денари
14. Здружение Центар за развој и промоција Промо идеа Струмица.......................56.710,00 денари
15. Здружение Евровизија Струмица.................................................................83.655,00 денари
16. Здружение на граѓани-БАЛД ЕАГЛЕ- ХАЛИАЕЕТУС ЛЕУЦОЦЕПХАЛУС- Струмица...................................................................101.035,00 денари
17. ЗЗППД Јо-јо Кидс Струмица......................................................................62.400,00 денари
18. Здружението на производители на градинарски и цвеќарски видови "Хортиеко",с.Добрејци.............................................................................191.050,00 денари
19. Здружение за економски развој Економи Балкан Струмица ...............................78.480,00 денари

Вкупно. ........................................................................................................**1.908.544,00 денари**

Член 2

Распределбата на финансиските средства е согласно добиените бодови по Записникот бр.23-72/10 од 20.04.2015 од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-72/9 од 14.04.2015 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување.

**Градоначалник**
**на општина Струмица**
**Зоран Заев**

## 3.2 Програма V2

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/02), член 39 од Статутот на Општина Струмица – пречистен текст („Службен гласник на општина Струмица“, бр. 5/06) и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик за проекти од областа на социјална заштита од здруженија и фондации од Општина Струмица бр. 23-73/8 од 21.4.2015 година, по објавен јавен повик бр. 23/1 од 1.4.2015 година, градоначалникот донесе одлука за распределба на финансиски средства од Програма V2 од Буџетот на Општина Струмица за 2015 година, член 1: Финансиските средства од Програма од Буџетот на Општина Струмица за 2015 година, по објавениот јавен повик за проекти од областа на социјална заштита од здруженија и фондации од општина Струмица бр. 23-73/1 од 1.4.2015 година и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-73/8 од 21.4.2015 година се распределуваат на следниве здруженија/фондации:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Здружение „Сино срце ДМ“ – Струмица | 36.000,00 денари |
| 2. | Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“ – Струмица | 108.000,00 денари |
| 3. | Здружение „Лумен“ – Струмица | 93.940,00 денари |
| 4. | Организација на жени – Струмица | 245.400,00 денари |
| 5. | Здружение за едукација и развој на лица со пречки во развојот „Еднаквост“ – Струмица | 110.520,00 денари |
| **Вкупно** | | **593.860,00 денари** |

Според член 2, распределбата на финансиските средства е согласно добиените бодови според Записникот бр. 23-73/8 од 21.4.2015 година од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-73/4 од 14.4.2015 година.

# Прилог 8

## Одлука V2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 23-73/10
22.05 2015 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 50 од „ Законот за локална самоуправа" ( „Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ( „Службен гласник на општина Струмица" бр. 5/06) и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик за проекти од областа на Социјална заштита од Здруженија и Фондации од Општина Струмица бр. 23-73/8 од 21.04.2015 по објавен Јавен повик бр. 23-73/1 од 01.04.2015, Градоначалникот донесе

**Одлука**
**За распределба на финансиски средства од Програма V2**
**од Буџетот на Општина Струмица за 2015**

Член 1

Финансиските средства од Програма од Буџетот на Општина Струмица за 2015, по објавениот Јавен повик за проекти од областа на Социјална заштита од здруженија и фондации од Општина Струмица бр. 23-73/1 од 01.04.2015 и Записникот од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-73/8 од 21.04.2015 се распределуваат на следниве здруженија/фондации:

1. Здружение Сино срце ДМ Струмица....................36.000,00 денари
2. Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Порака Струмица.. ....................108.000,00 денари
3. Здружение Лумен Струмица.................... 93.940,00 денари
4. Организација на жени Струмица.................... 245.400,00 денари
5. Здружение за едукација и развој на лица со пречки во развојот Еднаквост Струмица....................110.520,00 денари

Вкупно.................... **593.860,00 денари**

Член 2

Распределбата на финансиските средства е согласно добиените бодови по Записникот бр.23-73/8 од 21.04.2015 од Комисијата за спроведување на јавен повик бр. 23-73/4 од 14.04.2015 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување.

**Градоначалник**
**на општина Струмица**
**Зоран Заев**

# 4.

# Краток опис на грантираните проекти од Општина Струмица за 2015 г.

## 4.1. Грантирани проекти од Програма G1

### 4.1.1. Со уметност против ракот

**Назив на носителот:**
Здружение за култура и развој на креативните индустрии „КУЛТ-ТРАНЗЕН“

**Партнер:**
Организација на жени од Струмица

**Координатор на проектот:**
Јасмина Мазгалиева

**Вредност на проектот:**
105.090 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
Бул. „Маршал Тито“, бр. 14/3/12, Струмица,
www.tranzen.com.mk,
kult.tranzen@gmail.com

**Цел на проектот:**

Проектот Со уметност против ракот – кампања за борба против ракот, имаше за цел да придонесе кон навремено откривање на одредени видови карциноми што се најмногу застапени на територијата на општината Струмица преку реализирање кампања за превенција и едукација на локалното население.

**Специфични цели:**

- Да се придонесе кон подобрување на условите за здравствената заштита на пациентите кои се борат со ова заболување преку одржување трибина за укажување на проблемите со коишто се соочуваат овие пациенти;
- Да се даде поддршка на сите оние пациенти кои се борат со ракот, на сите оние семејства кои изгубиле свој близок од оваа болест и да се споменат сите оние што ја загубиле битката со ова болест;
- Да се подобри соработката на граѓанските организации и институции што имаат различни полиња на дејствување со цел интерсекторско поврзување и соработка;
- Да се зголеми видливоста на ликовната уметност во општината Струмица и да се зголеми перцепцијата кај општата популација за функцијата што може да ја има уметноста врз целокупните општествени текови.

**Проектни активности:**

- Изработката на монументалната слика со цел да даде поддршка и да укаже на потребата од поголема превенција, здравствена заштита на лицата кои се борат со ова болест;
- Изработката на едукативни материјали за превенција од одредени видови карциноми;
- Едукативни предавања за превенција од одредени видови карциноми.

**Резултати:**

- Изработена и јавно поставена монументална слика што симболично ја претставува борбата на пациентите со оваа болест;
- Изработени и дистрибуирани едукативни материјали за превенција од одредени видови карциноми;
- Реализирана едукативна трибина за превенција од одредени видови карциноми.

**Одржливост:**

Одржливоста на проектот се состои во тоа што монументалната уметничка слика на тема Борба против ракот ја подаривме на локалната самоуправа за да послужи како симбол за постојаната поддршка што локалната самоуправа ја дава на овие пациенти и поддршката што ја дава во делот на подобрувањето на локалните политики за здравствена заштита, а може да ја користи како симбол во други вакви кампањи и иницијативи во борбата против ракот.



### 4.1.2. Монографија за Сојуз на борците од НОАВМ 1941-1945 год. и граѓаните-продолжувачи – Општински одбор Струмица

**Назив на носителот:**
Сојуз на борците од НОАВМ 1941-1945 год. и граѓаните-продолжувачи – Општински одбор Струмица

**Координатор на проектот:**
Соња Чурлинова

**Вредност на проектот:**
35.164 денари

**Времетраење:**
Четири месеци

**Контакт:**
071 303-892



**Опис на проектот:**

Главна цел на овој проект беше да се изготви монографија со којашто младото поколение на Струмица и пошироко ќе има можност да се запознае со настаните поврзани со 1941 година, како и со борбата на нашите борци како ја бранат и чуваат татковината, а и со многу од учесниците кои со крв ја платија денешната слобода. Целта на оваа монографија е и да се прикажат основањето и развојот на организацијата – Сојуз на борците од НОАВМ 1941-1945 година и граѓаните-продолжувачи, Општински одбор – Струмица, со акцент на активностите што ги реализирала организацијата во однос на одбележувањето на позначајните настани и личности од НОБ.

**Активности:**

- Прибирање и обработка на материјалот и доведување до ракопис;
- Компјутерска обработка – прибраните материјали се обработуваа компјутерски;
- Лекторирање на текстот од страна на лектор;
- Печатење на монографијата;
- Промоција на монографијата – промоцијата се одржа во Дом на АРМ во малата сала.

**Одржливост:**

Изготвената монографија ќе ги поттикне и ќе ги стимулира идните генерации да се „впрегнат“ во нови научни истражувања за нашата борба за конечно ослободување на нашата Република Македонија. Постои отворена можност за нови изданија од монографијата, таа да биде дополнета со нови историски сознанија за НОАВМ. Исто така, примерок од оваа монографија бесплатно ќе биде дистрибуиран до ЛУБ „Благој Мучето“ во Општина Струмица, како и до сите општински одбори во СБ Македонија.

**Резултати:**

- Стекнати знаења за настаните и личностите од областа на НОАВМ 1941-1945 година во регионот на општината Струмица;
- Зајакнати почит и негување на борбените традиции од НОАВМ 1941-1945 година;
- Развиен патриотски однос кон татковината и жртвите паднати во текот на НОАВМ;
- Младите се запознаени со споменицините и спомен-обележјата од НОАВМ;
- Граѓаните стекнаа знаења од нашето блиско историско минато, како и образовно и научно сознание и воспитно сознавање за вистината за нашата праведна и револуционерна борба.





### 4.1.3. Запознај ја ЕУ – дејствувај европски!

**Назив на носителот:**
Здружение „Новус“

**Координатор на проектот:**
Ѓорги Тасев

**Вредност на проектот:**
184.430 денари

**Времетраење:**
Четири месеци

**Контакт:**
Ул. „Младинска“, бр. 230, Струмица,
contact@associationnovus.org.mk

**Времетраење:**

**I фаза** (4.8.2015-17.8.2015 г.)

**II фаза** (24.9.2015-25.11.2015 г.)

**III фаза** (18.12.2015-26.12.2015 г.)

**Цел на проектот:**

Главната цел на проектот е да се промовираат европските вредности и принципи, но и граѓаните да се запознаат со институциите на ЕУ, фондовите, бенефициите и можностите што ги нуди големото европско семејство. Примарно треба да се работи од локално ниво на промовирање на политиките на ЕУ и тие да се шират на ниво на цела држава. Така во целост ќе имаме држава, но и граѓани подготвени да ги споделуваат европските вредности.

**Проектни активности:**

- Воведна прес-конференција со медиумите за запознавање на граѓаните за целите на проектот и проектните активности;
- Организирање обука за европските вредности и институциите на ЕУ заради запознавање на граѓаните, со посебен акцент на младите, за работата на ЕУ (15 женски и 15 машки учесници);
- Утврдување на методолошка рамка за почнување на истражувањето;
- Реализирање анкета неопходна за студијата на репрезентативен примерок од 260 граѓани од општината Струмица;
- Спроведување средби со претставници од високообразовни институции, училишта и партнери, заради нивно можно вклучување во проектот;
- Организирање работилница за подготовка на апликации за европските фондови, со посебен осврт на програмата „Еразмус +“ (15 женски и 15 машки учесници);
- Организирање на дебатен натпревар за студентите и средношколците од општината Струмица на тема За или против влез на РМ во Европската унија (еднаква родова застапеност);
- Организирање на медиумска промоција и континуирано медиумско следење на настаните (користење на сите расположливи медиумски ресурси).

**Резултати:**

- Промоција на европски вредности и принципи;
- Граѓаните се запознаени со целите на ЕУ, институциите на ЕУ и фондовите што им стојат на располагање;
- Подигната јавна свест кај граѓаните за значењето на ЕУ;
- Одржани обука и работилница за европските институции и фондови („Еразмус +“);
- Одржана јавна дебата на тема ЕУ е дел од решението, но и од проблемот во Македонија;
- Реализирано истражување и изработена студија.

**Одржливост:**

По завршувањето на овој проект, ќе се обезбеди финансиска и друг вид поддршка од институции и други организации и проектот ќе се прошири и кон другите рурални средини за запознавање на граѓаните со Европската унија и придобивките од членството. За долгорочна одржливост ќе се искористат европските фондови, за да се обезбедат финансиска и логистичка сигурност. Воедно, континуираната медиумска поддршка, заедно со агресивна кампања и по истекот на проектот, ќе овозможи во целост да се оствари и продолжи проектната цел.







### 4.1.4. Изградба на летниковци покрај течението на реката Црешевац

**Назив на носителот:**
Здружение на тутунопроизводители „Костурани“ – с. Костурино, Струмица

**Координатор на проектот:**
Костадин Чурлинов

**Вредност на проектот:**
99.538 денари

**Времетраење:**
**I фаза** (4.8.2015-17.8.2015 г.)
**II фаза** (24.9.2015-25.11.2015 г.)
**III фаза** (18.12.2015-26.12.2015 г.)

**Контакт:**
kostadin_koki@hotmail.com,
034 369-620

**Проектни активности:**

По преземените мерки се почна со реализирање на проектот Изградба на летниковци покрај течението на реката Црешевац и изградба на бунарче. Во времето на првата фаза се направи расчистување на теренот за да се почне со негова реализација (расчистување на теренот, бетонирање на потпорните ѕидови во должина од 75 метри, пополнување на просторот со 38 кубни метри земја со шут и плодна земја, издигнување на потпорни ѕидови во висина од 0,80 и 0,70 метри во просек.

Во времето на втората фаза се поставуваат на хоризонталните и вертикалните греди на местото каде што е предвидено да се изгради летниковецот (2,5 x 2,5 м$^2$), изградба на покривот со штици, поставување на шиндрата, цементирање на подлогата на летниковецот, поставување клупи за седење, украсување и лакирање на летниковецот. На бунарот се поставуваат вертикални греди, изградба на покрив на бунарот, покривање со штица, надворешно уредување и лакирање.

Во времето на третата фаза се поставуваат хоризонтални и вертикални греди на местото каде што е предвидено да се изгради летниковецот (2,2 x 2,3 м$^2$), изградба на покривот, покривање на покривот со штици, поставување на шиндрата, цементирање на подлогата на летниковецот, поставување клупи за седење, украсување и лакирање на летниковецот. Исто така, беше извршено и бојадисување на двата летниковци и бунарчето со садолин (кафеава боја).

Кога претходните три проекти на здружението ќе се спојат во еден, се добива слика на излетничко место за рекреација и поминување на слободното време на чист воздух и во чиста природа.





### 4.1.5. Зелена граѓанска акција во Струмица

**Назив на носителот:**
Еколошко друштво „Планетум“ – Струмица

**Координатор на проектот:**
Катерина Аџи-Скерлева

**Вредност на проектот:**
262.185 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
planetum@t-home.mk

**Проектни активности:**

- Собирање на отпаден материјал од граѓаните и од бизнис-секторот;
- Печатење на промотивен материјал;
- Креативни работилници за реупотреба на отпад;
- Озеленување и уредување на јавни површини во општината Струмица;
- Приспособување и уредување на постојни површини за игра и релаксација;
- Свечено отворање на местата за игра и релаксација;
- Работилници за креирање на музички инструменти од отпад и подготовка за настан;
- Новогодишен музички настан „Зелено ветување“.



**Резултати:**

- Четириесет фирми донирале отпаден материјал;
- Собрани 150 стари палети, 160 стари гуми;
- Педесет лимени кантички од бизнис-сектор;
- Отпечатени 130 маици, 1.000 летоци, 10 торбички, 10 беџа за волонтери и 40 пенкала, 40 тетратки и 40 папки;
- Триесет ученици од средните училишта од општината Струмица едуцирани за реупотреба на отпад;
- Создадени 34 мали, 5 големи саксии и декорирани 20 гуми;
- Изработени 4 сета (4 маси и 8 клупи) од палети;
- Уредени и озеленети 4 јавни површини;
- Уредени и приспособени 4 простори за игра и релаксација;
- Посадени вкупно 1.684 сезонски садници, 326 зимзелени садници и 302 зачински садници;
- Едуцирани 10 волонтери за проектот и за заштита на животната средина;
- Поделени 700 летоци и запознаени се 700 жители со проектот;
- Подигната свест кај станари и жители;
- Подигната свест кај 15 ученици од музичкото училиште „Боро Џони“;
- Изработени 15 инструменти од отпаден материјал;

- Подготвени 3 новогодишни еко-песни;
- Вкупно 200 ученици дале зелено ветување и се запознаени со зачувување на животната средина.






### 4.1.6. Здружениот труд – исплатлива инвестиција

**Назив на носителот:**
Габарско здружение „Региус“

**Координатор на проектот:**
Александар Оздоленовски

**Вредност на проектот:**
37.217 денари

**Времетраење:**
Четири месеци

**Контакт:**
Ул. „Максим Горки“, бр. 5, 2400 Струмица, etaspedicija@hotmail.com, 078 271-308

**Опис на проектот:**

Поради лошите временски услови за излегување на печурките во природни услови, проектниот тим организираше неколку средби со компании со коишто понатаму ќе се склучи договор доколку понудат најисплатлива понуда за собирачите на печурки. Покрај средбите, новообучените проценители излегоа на терен со цел скенирање на своите реони. За потребите на проектот дополнително обучените петмина нови проценители за печурки на коишто им беа распределени осум реони на дејствување, добија нови проектни задолженија, односно секој проценител да го прошета својот реон и да утврди време и микрорегион за почеток на собирањето на печурките.

Новообучените проценители за една недела извршија ревидирање на фактичката состојба на терените и предложија микрорегиони од каде да се почне со собирање на печурките за сезоната 2015, есенска реколта. При првата можност по постигнување на минимални природни услови за изникнување на печурките проценителите ги

известија собирачите на печурки и на предложените реони за неколку денови излегоа на терен за собирање печурки. Потоа се одреди динамика и се извршија собирање печурки и заеднички настап на собирачите на печурки пред откупувачите. Организираната продажба се изврши на следниот начин: секој од собирачите во одреден регион му даваше информации уште од теренот на собирање на својот проценител, за собрани килограми вид печурка во одредено време секој собирач мораше да стигне на однапред договорено место каде што од неколку собирачи со собираа и класифицираа печурките и откако се класифицираа се собраа сите печурки од осумте реони и се понудија за продажба на откупувачите. На тој начин околу 20 собирачи за период од 20 дена собраа и продадоа околу 3,5 тони печурка вргањ. Во прилог на извештајот има и фотографии од класифицирањето и здружувањето на количествата печурки.

По добивањето на третата транша од проектот, проектниот тим почна со реализација на преостанатите почнати активности од проектот. Имено, се склучи договор за заеднички настап од почетокот на 2016 година помеѓу собирачите и откупувачите на печурки. Заедничкиот настап се состои од формирање задруга што ќе се формира од страна на собирачите на печурки и откупувачите, со што се постигнува ефектот од заеднички развој и напредок. Или откупувачите на печурки да добијат на константен квалитет, а собирачите да добијат поголема цена, односно 20% од продажната цена на собраните печурки надвор од земјата.




## 4.1.7. Патот до формирање на модерни задруги

**Назив на носителот:**
Сојуз Синдикат на земјоделски производители – Струмица

**Координатор на проектот:**
Ристо Велков

**Вредност на проектот:**
55.338 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
sszpstrumica@gmail.com,
sszp_strumica@yahoo.com,
071 518-927, 078 390-152

**Опис на проектот:**

Беше одржано собрание на тема: Зошто да се формираат задругите. На ова собрание се разгледаа сите позитивни страни за здружување и формирање задруга. На крајот од собранието се даде иницијатива за формирање задруга на градинари.

Одржани беа три состанока со земјоделците за промовирање на здружувањето, за време на состаноците се разговараше за предностите на здружувањето и потребата од зголемување на членството во здруженијата. Времето на одржување на состаноците беше во вечерните часови што повеќе одговараа за присуство на земјоделците. Во декември се одржа јавна промоција на активностите што беа реализирани за времето на спроведувањето на проектот.

Дел од активностите се повторуваа и во третата фаза, така што на одржаните состаноци со земјоделците по населените места од Струмичко на кои се разговараше за предностите од здружувањето и дека мора да се обезбеди подобра иднина за земјоделците и тоа да се бара преку здружување и формирање на земјоделски задруги. Преку овие активности и отворени разговори се иницираше размислување зошто се важни здруженијата и задругите во земјоделството.

**Принципи на задругарството:**

- Доброволни и отворени за членство;
- Демократска контрола од членовите;
- Економско учество на членовите;
- Самостојност и независност;
- Образование, наука и информации;
- Соработка помеѓу задругите;
- Грижа за заедницата;
- Лобирање;
- Застапување.



### 4.1.8. Промена во земјоделските политики

**Назив на носителот:**
Здружение на земјоделски производители „Агрострумешница“ – с. Дабиље

**Координатор на проектот:**
Коце Божиков

**Вредност на проектот:**
61.200 денари

**Времетраење:**
Три месеци

**Контакт:**
agrostrumesnica@yahoo.com, 070-242-986

**Опис на проектот:**

Одржани се три состанока со градинарите со цел запознавање со добра земјоделска практика, каде што беше укажана од потреба од ваква примена, бидејќи во иднина услов за добивање субвенции ќе биде токму применетата добра земјоделска практика. Одржани се две работилници/дебати на кои се разговараше за заедничка земјоделска политика, се објасни зошто Европската унија има единствена политика само во земјоделскиот сектор и зошто токму субвенционирањето на земјите-членки во ЕУ е контролирано од Брисел.



## 4.1.9. Едукација за правилно складирање на употребена амбалажа од пестициди во градинарско производство

**Назив на носителот:**
Здружение на земјоделски производители „Агробаница“ – с. Баница

**Координатор на проектот:**
Ѓорги Ѓоргиев

**Вредност на проектот:**
59.000 денари

**Времетраење:**
Четири месеци

**Контакт:**
agrobanica@yahoo.com, 070-843-362

**Опис на проектот:**

Одржана е една тркалезна маса, на која присуствуваа градинари и земјоделци. Се дебатираше како да се внимава со амбалажата откако ќе се искористи, да не се расфрла по нивите и да не се остава на отворено, бидејќи сите тие содржат и хемикалии што не се добри за животните и рибите; и да не се фрла во реките и каналите. Се одржаа дополнително уште два состанока со земјоделците, каде што се разговараше за штетноста од расфрлената амбалажа од препарати и хемиски ѓубрива. Исто така, се направија уште две теренски посети на градинарите.

За време на сите спроведени активности во периодот на известување, собрани се исто така и расфрлени амбалажи при посета кај градинарите. Укажано е кај поголем број градинари да внимаваат со амбалажата и да не ја оставаат на нивите каде што прскаат.



## 4.1.10. Презентирање на западноевропската цивилизација

**Назив на носителот:**
Здружение за образовно едукативни цели ДМ ЛЕНГУИЏЕС – с. Куклиш, Струмица

**Координатор на проектот:**
Данче Митева

**Вредност на проектот:**
78.000 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
dancemiteva@hotmail.com, 071-910-865

**Опис на проектот:**

Проектот почна со анкета низ фирмите од руралните населени места за потребата што тие ја имаат од стручен кадар, за познавање на барем еден странски јазик и колку тоа влијае врз успешноста на нивното работење. Понатаму, следуваа бесплатните едномесечни курсеви по англиски јазик за првачињата од с. Куклиш и првачињата од с. Банско, за да го заокружиме проектот на крајот со презентација за германската култура и цивилизација.

**Проектни активности:**

- Анкета низ фирмите од руралните средини во општината Струмица во однос на тоа колкава е нивната потреба од стручен кадар со познавање на странски јазици;
- Едномесечен бесплатен курс по англиски јазик за првачињата од Куклиш;
- Едномесечен курс по англиски јазик за првачињата од Банско;
- Презентација за германската култура и цивилизација.

**Резултати:**

- Добиените резултати од анкетите беа соопштени во јавноста;
- Подигната свест за изучување на барем еден странски јазик и посериозно залагање околу тоа;
- Надминување на предрасудата дека првоодделенците се премлади за изучување на англиски јазик, преку иновативните методи на изучување што беа применети, а со тоа им се разви љубовта кон учењето што тие понатаму ќе ја негуваат;
- Запознавање со најинтересните факти поврзани со германската историја и германскиот јазик со што станаа посвесни за меѓукултуролошките разлики и сличности;
- Удел и учество во образованието и едукацијата на младите што понатаму ќе резултира во креирање на успешни луѓе.



## 4.1.11. Водич за предности на органското производство кај раноградинарството

**Назив на носителот:**
Здружение на фармери „Фармер“ – Струмица

**Координатор на проектот:**
Љубинка Дивјакоска

**Вредност на проектот:**
42.233 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
ljubinka.divjakoska@yahoo.com, 078-303-716



**Проектни активности:**

- Собирање материјали, подготовка, пишување и дизајнирање во соработка со печатницата за Водич за предности на органското производство кај раноградинарството;
- Организирање и одржување на три работилници за градинарите од струмичкиот регион (организирање простор, пишување и праќање покани, организирање на материјалот потребен за работилниците);
- Организирање промоција на Водич за предности на органско производство кај раноградинарството.

**Резултати:**

- Изработен и испечатен Водич за предности на органско производство кај раноградинарството – 280 примероци;
- Организирани и одржани три работилници со градинарите за предности на органското производство кај раноградинарството;
- Организирана и одржана презентација на Водич за предности на органското производство кај раноградинарството.



### 4.1.12. Иницијатива за заштита на животните – бездомни, диви и домашни животни

**Назив на носителот:**
Здружение на граѓани – Друштво за заштита на животните „Фауна“ – Струмица

**Координатор на проектот:**
Сузана Божијанова

**Вредност на проектот:**
61.766 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
Ул. „Кожув“, бр. 9, Струмица, 071-271-195, sbozijanova@yahoo.com

**Опис на проектот:**

Собирање и згрижување на повредени животни и наоѓање на привремени живеалишта. Откако ќе бидат излекувани, им се наоѓаат вдомувачи или повторно се враќаат на локацијата каде што се пронајдени. Собирање на напуштени животни (особено мали мачиња и кучиња) на разни локации се згрижуваат и се потхрануваат, па се препуштаат на грижа кај нивни нови и сигурни вдомувачи/сопственици.




Нашите волонтери секогаш се присутни на терен и слободно им приоѓаат на животните и им оставаат вода и храна и, ако е потребно, им се вметнува лек во храната зависно од нивната ситуација. Во отсуство на потребните лекови, нашите волонтери овозможуваат брза интервенција и ги контактираат дежурните ветеринари за заедничко првенствено помагање на животното, а потоа се наоѓа привремено сместување.

### 4.1.13. Истражувачки центар за претприемништво, конкурентност и иновативност за малите и средните претпријатија

**Назив на носителот:**
ИКЦ „Џакомо Леопарди“ – Струмица

**Координатор на проектот:**
Стојан Витанов

**Вредност на проектот:**
166.432 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
giacomoleopardistr@yahoo.com, 034-522-777

**Опис на проектот:**

Италијанскиот културен центар „Џакомо Леопарди“ преку овој проект успеа да создаде амбиент за зголемување на претприемничката култура и свеста за улогата на претприемништвото во општеството. Притоа, се воспостави обезбедување рамнотежа помеѓу ризикот и наградата што всушност треба да биде во полза

на претприемачите. Сегашните погледи на општеството во однос на претприемништвото во голема мера се негативни. Токму поради ова се изработи своевидна среднорочна програма поткрепена со кампања што барем придонесе кај голем дел од интересентите до спречување на ваквите негативни согледувања, презентирајќи модели или портрети на успешни претприемачи, при што улогата на истражувачкиот центар беше од голема полза со подготвувањето и имплементирањето на програма поткрепена со кампања за подигнување на свеста за претприемништвото, чијашто цел беше менување на сфаќањето на општеството во однос на претприемачите, создавање на повеќе позитивни ставови кон преземање ризик и социјална одговорност во однос на бизнисите, со спроведување на своевидна кампања за интегрално вклучување на деловните заедници (како што се деловните здруженија и коморите) и имплементација на среднорочен план и програма.

**Проектни активности:**

- Создавање на координирана програма, поткрепена со кампања за да се измени сфаќањето на претприемачите и да се истакне нивниот придонес кон вработувањето, општественото добро, заштитата на средината и на локалниот развој;
- Координирани активности на деловните здруженија, коморите и сл., во однос на претприемништвото, како што се саеми, конференции, дистрибуција на брошури за најдобри практики итн.;
- Промовирање концепти што добиваат поддршка и почит од општеството, како што се: корпоративното управување, општественото претприемништво, корпоративната социјална одговорност, свеста за заштита на средината, здравството и заштита при работата, борбата против неформалната економија итн.;
- Развивање модели/концепти за доживотно учење за претприемништвото;
- За погоренаведеното беа организирани предавања, семинари и обуки.

**Резултати:**

Истражувачкиот центар за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во изминатиот период се базираше на општото сфаќање за улогата на сеопфатната локална заедница во самокреирањето на поволна деловна клима, а во тие рамки и политиката на поддршка и помош на развојот на претприемништвото на малите и средните претпријатија. Особено беше значајна улогата на приватниот сектор и неговите мислења и ставови, што претставува интегриран пристап кон прашањето на развојот на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија.



## 4.1.14. Струмички традиционален кувар

**Назив на носителот:**
Центар за развој и промоција „Промо-Идеја" – Струмица

**Координатор на проектот:**
Катерина Василева

**Вредност на проектот:**
56.709 денари

**Времетраење:**
01.06.2015 – 20.12.2015

**Контакт:**
Аце Стојанов, acestojanov@yahoo.com, 075-513-222

**Цел на проектот:**

Главната цел на проектот е промоција и зачувување на традиционалната струмичка кујна и создавање на кулинарски практики во угостителскиот сектор.

**Проектни активности:**

- Активности за собирање на традиционални рецепти од Струмица и струмичкиот регион (по претходна подготвена форма за собирање рецепти);
- Обработка, систематизација и категоризација на собраните рецепти според видот на храната (салати, супи, предјадење, тестенини, главни јадења, зимници и десерти);
- Лектура на рецептите на македонски јазик;
- Превод на собраните рецепти на англиски јазик;
- Подготовка на традиционални јадења;
- Фотографирање на овие рецепти од страна на професионални фотографи;
- Дизајн на книгата Струмички традиционален кувар на 48 страници;
- Подготовка за печат на книгата;
- Печатење на целиот тираж од 500 примероци.

**Резултати:**

- Испечатена книга Струмички традиционален кувар во 500 примероци;
- Собрани 40 рецепти од струмички традиционални рецепти и нивно фотографирање.



**Одржливост:**

Книгата Струмички традиционален кувар ќе биде промовирана пред туристичко-угостителскиот сектор и ќе претставува основа за позначајни активности на општината и здружението во овој сегмент. Имено, овој проект создава можност за подолгорочни активности во делот на промоција на традиционалната храна и заштита на специфичните традиции на регионот. Проектот, исто така, ќе создаде основа во иднина да се спроведуваат обуки за готвачи за подготовка на традиционална храна.



### 4.1.15. Нови идеи за струмички сувенири

**Назив на носителот:**
Здружение „Евро-визија“ – Струмица

**Координатор на проектот:**
Ацо Манински

**Вредност на проектот:**
83.655 денари

**Времетраење:**
Седум месеци

**Контакт:**
Дом на АРМ, Струмица,
evro_vizija@yahoo.com

**Појдовни основи на проектот:**

Општина Струмица е една од најразвиените, но и најперспективните општини во Македонија, со постојан нагласок дека туризмот засега е голем, но неискористен потенцијал. Оттука, постојана е и потребата за пригоден и оригинален пропаганден материјал во најразлични форми и облици. Во тој контекст, на градот и на регионот му недостига препознатлив сувенир, што автентично би ги одразувал културните, традиционалните, историските и другите актуелни и специфични обележја.

**Цели на проектот:**

- Откривање и стартно развивање на идејни решенија за можни сувенири на Струмица и регионот;
- Афирмирање на идејата за креативно размислување на темите за креирање на сувенири на Струмица;
- Создавање на јадро на креативци кои заедно би размислувале и би ги развивале идеите за изработка на оригинални сувенири на Струмица;
- Создавање можност за изработка на најразлични видови сувенири од страна на заинтересирани занаетчии и стопанственици и остварување на материјална добивка.

**Проектни активности:**

- Промоција на проектот и проектната идеја;
- Анкета и анализа на моменталната понуда на производи што се користат како сувенири;
- Анимирање на заинтересираните креативни и продуктивни учесници за реализација на проектот;
- Пет креативни работилници за фазна изработка на идејни решенија – од сондирање на потреби и идеи до нивна разработка и крајна изработка на прототипи; и
- Претставување и промоција на резултатите.

**Резултати од проектот:**

- Изработени 15 идејни решенија и прототипи за изработка на препознатлив сувенир на Струмица и на регионот.



## 4.1.16. Иницијатива за заживување на соколарството во Струмица и доближување на децата со птиците-грабливки

**Назив на носителот:**
Здружението за заштита на птиците-грабливки и природните реткости „Балд Еагле – Халиаеетус Леуцоцепхалус" од Струмица

**Координатор на проектот:**
Доне Скака

**Вредност на проектот:**
101.000 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
bald.eagle43@yahoo.com, 075-214-009

**Опис на проектот:**

Здружението за заштита на птиците-грабливки и природните реткости „Балд Еагле – Халиаеетус Леуцоцепхалус" од Струмица во 2015 година го реализираше досега најзначајниот проект финансиран од Општина Струмица преку Одделението за локален економски развој при Општина Струмица, конкурирајќи на Јавниот повик од G1 програмата за 2015 година со наслов на проектот Иницијатива за заживување на соколарството во Струмица и доближување на децата со птиците-грабливки.

Покрај изградбата на центарот за рехабилитација „Св. Трифун" (за повредени птици-грабливки) и соколарскиот центар за дресура на птици-грабливки во Струмица, една од поважните проектни активности во 2015 година за здружението „Балд Еагле – Халиаеетус Леуцоцепхалус" беше презентација на градскиот плоштад „Гоце Делчев" во Струмица за заштита на птиците-грабливки, каде што на брендиран штанд и рекламен банер работеа осум члена од здружението обележани со брендирани маици со логото на здружението, при што беа поделени брошури за едукација на граѓаните за заштита на птиците-грабливки, што тоа значи и кои се птиците-грабливки, колку се полезни тие за природата и човештвото, постапка со повредена птица-грабливка, значењето на гнездото на птицата-грабливка и законската регулатива за нивна заштита.

Покрај успешно изведената презентација, здружението „Балд Еагле – Халиаеетус Леуцоцепхалус" од Струмица изврши едукација на најмладите граѓани од основните училишта во Струмица, каде што им се презентираше со жив сокол, при што им беше дозволено и допир со соколот, со цел доближување на децата со птиците-грабливки и ги поучуваше децата за вредноста и полезноста на птиците-грабливки со цел рушење на предрасудите кај децата уште од најмала возраст.





### 4.1.17. Јо-Јо Аудиција

**Назив на носителот:**
Здружение за промоција и заштита на правата на децата „Јо-Јо кидс“

**Координатор на проектот:**
Мери Јанчева

**Вредност на проектот:**
60.000 денари

**Времетраење:**
Седум месеци

**Контакт:**
zdruzeniejojo@gmail.com, 075/432-187

**Основна цел:**

- Аудиција за деца со талент за пеење

**Бенефиции од проектот:**

- Социјализација на децата;
- Забава и дружење;
- Стекнување самодоверба кај дечињата;
- Едукација на децата.

**Мисија:**

- Општината и граѓаните да ги согледаат подобро придобивките од ваков проект;
- Децата се нашата иднина – во какви личности ќе ги оформиме од нас зависи;
- Како да придонесуваат за општеството во иднина се учат уште од најмали.

**Активности:**

- Екипирање – музичари и професори по музичко;
- Реализација – во основни училишта, деца од 5 до 12 години.

### 4.1.18. Руралниот туризам за одржлив економски развој

**Назив на носителот:**
Здружение на производители на градинарски и цвеќарски видови „Хорти-еко“ – с. Добрејци, Струмица

**Координатор на проектот:**
Томе Тимов

**Вредност на проектот:**
191.050 денари

**Времетраење:**
6 месеци

**Контакт:**
tometimov@yahoo.com, 072-565-632

**Цел на проектот:**

Подобрување на условите за зголемување бројот на туристи и промоција на струмичкиот регион како туристичка дестинација.

**Проектни активности:**

- Изработка на анкетни прашалници;
- Директни посети на терен за спроведување на анкетата со анкетарите;
- Спроведување анкети на терен;
- Обработка на анкетните прашалници;
- Остварување на повеќе телефонски разговори во врска со локацијата на спроведување на обуките;
- Спроведување на две обуки;
- Наоѓање на поволен изведувач на дизајнирање на туристичка карта;
- Изработка на туристичка карта;
- Промоција на туристичката карта во Македонија и Бугарија;
- Наоѓање изведувачи за етно-песна;
- Изведена етно-песна;
- Наоѓање локација за реализирање на завршна конференција;
- Промоција на песна и карта;
- Завршна конференција;
- Промоција на целиот проект на радио, телевизија, отворени студија.

**Резултати:**

- Идентификувани и утврдени туристичките атракции во Општина Струмица;
- Откриени најмалку пет нови туристички атракции од понудата за спроведување рурален туризам во Општина Струмица;
- Изработена, испечатена и дистрибуирана туристичка џебна мапа за руралниот туризам во општината Струмица;
- Музички бренд за струмичкиот регион за рурален туризам.





## 4.1.19. Интернет-саем

**Назив на носителот:**
Здружение за економски развој „Економи-Балкан“

**Координатор на проектот:**
Сашко Весев

**Вредност на проектот:**
78.480 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
economybalcan@yahoo.com

**Опис на проектот:**



Понуда за бизнис-презентација за интернет-маркетинг (интернет-саем), презентација на производи во држави во Европа и Балканот.

Здружението нуди интернет-презентација, каде што операторите ќе ги пласираат понудите во Македонија и пошироко, во зависност од желбите и потребите на клиентот. Понудата содржи неколку пакети:

- Книга Бизнис-адресар (кратка информација за правни субјекти и текст – бесплатно);
- Книга Бизнис-адресар (информативно прозорче со димензии 45 x 80 со текст и фотографија);
- Книга Бизнис-адресар (информативно прозорче со димензии 45 x 160 со текст и фотографија);
- Книга Бизнис-адресар (информативно прозорче со димензии 90 x 160 со текст и фотографија);
- Книга Бизнис-адресар (информативно прозорче од А4 формат со текст и фотографија).

## 4.2. Грантирани проекти од Програма V2

### 4.2.1. Сино срце за подобар живот на дијабетичарите

**Назив на носителот:**
Здружение „Сино срце ДМ“ – Струмица

**Координатор на проектот:**
Енес Исмаилов

**Вредност на проектот:**
36.000 денари

**Времетраење:**
Шест месеци

**Контакт:**
enes@strumicacity.com,
www.sinosrce.com,
075-874-789

**Опис на проектот:**

